# УПАТСТВО

## за функционирање на општинските совети за социјална заштита

Скопје, 2020 година

Автори:

Проф. д-р Сузана Борнарова

Проф. д-р Наташа Богоевска

ВОВЕД 06

1. ОСНОВАЊЕ И СОСТАВ НА ОССЗ 07

2. МАНДАТ, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОССЗ 08

2.1. Траење и престанок на мандатот на членовите 08

2.2. Права и должности на членовите 09

2.3. Надоместоци на членовите 09

2.4. Претседател на ОССЗ 09

3. НАЧИН НА РАБОТА НА ОССЗ 10

3.1. Конституирање 10

3.2. Свикување седници 10

3.3. Свикување вонредна седница 10

3.4. Работа на седниците 10

3.5. Подгрупи 10

3.6. Јавност во работата 10

4. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОССЗ 11

4.1. Теми за дискусија на ОССЗ 12

5. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО 12

6. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА РЕГИОНАЛНО НИВО 13

РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА 16

## ВОВЕД

Системот, организацијата и вршењето на дејноста социјална заштита како дејност од јавен интерес, се регулира со Законот за социјална заштита. Според овој Закон, социјалната заштита се остварува преку мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Целите на социјалната заштита се:

- промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,

- спречување на социјалната исклученост,

- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, и

- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување права на парична помош од социјална заштита и обезбедување социјални услуги и други мерки утврдени со Законот. Социјалната заштита се остварува и преку преземање мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствената заштита, воспитанието и образованието и во други области.

Носители на социјалната заштита се Републиката, општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје (во натамошниот текст: општините), во рамките на нивните надлежности. Тие обезбедуваат вршење на дејноста на социјалната заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија и со закон, преку основање установи за социјална заштита или пренесување на вршењето работи од социјалната заштита на здруженија, на други правни и физички лица.

Надлежностите на општините во социјалната заштита се регулирани во Законот за локална самоуправа, во кој социјалната заштита и заштитата на деца се предвидува како изворна надлежност, во однос на: детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст. Вршењето на овие надлежности е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита, која ја носи Владата на Република Северна Македонија за период од 10 години.

За остварување на дејноста на социјалната заштита, општините развиваат локални мерки и активности за социјална заштита во согласност со Законот за социјална заштита, и тоа:

- обезбедуваат спроведување на социјалната заштита,

- донесуваат одлуки за утврдување и други права и социјални услуги во областа на социјалната заштита, права и услуги во поголем обем од обемот на правата и услугите утврдени со Законот за социјална заштита и поповолни услови за нивно остварување, како и обезбедуваат средства за нивна имплементација,

- основаат јавни установи за социјална заштита,

- формираат Совет за социјална заштита на општината, Градот Скопје и општините на градот Скопје за подрачјето на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје,

- формираат Совет за социјална заштита на планскиот регион заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на планскиот регион,

- донесуваат општи акти од областа на социјалната заштита,

- донесуваат годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во кои предвидуваат активности и средства за нивна реализација,

- усвојуваат завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита според предвидената годишна програма и го доставуваат до Министерството за труд и социјална политика заради информирање,

- даваат финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија, на други правни и физички лица и склучуваат управни договори, и

- вршат други работи поврзани со социјална заштита.

Новина во Законот за социјална заштита усвоен во 2019 година претставува обврската на општините за основање општински совети за социјална заштита, како и совети за социјална заштита на планските региони. На тој начин се очекува општините да ги зајакнат капацитетите за вршење социјална заштита и соодветно да одговорат на социјално-заштитните потреби на локалното население. Во таа насока, ова Упатство има за цел да понуди насоки за основање и работа на општинските совети за социјална заштита.

## 1. ОСНОВАЊЕ И СОСТАВ НА ОССЗ

За обезбедување на социјалната заштита од општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје се основа општински совет за социјална заштита (во натамошниот текст: ОССЗ) со одлука на советот на општината, на предлог од градоначалникот. Градоначалникот на општината доставува барање до институциите/организациите да делегираат свои претставници во ОССЗ.

Финансиска и административно-техничка поддршка на работата на ОССЗ обезбедува општината. Општината делегира технички секретар, кој обезбедува поддршка на работата на ОССЗ, учествува на состаноците и води записници, без право на мериторно учество и одлучување.

Општинскиот совет за социјална заштита е составен од претставници на (види Слика 1):

- општинската администрација,

- центарот за социјална работа,

- даватели на услуги,

- здруженија,

- верски заедници,

- установи од областа на образованието,

- установи од областа на здравствената заштита,

- установи од областа на вработувањето,

- полиција,

- јавно обвинителство.

**Слика 1. Членство во ОССЗ**

| | Институции/организации | Предлог институција/позиција | Предлог број на претставници |
|---|---|---|---|
| 1. | Општинска администрација | раководител на сектор/одделение задолжен за вршење работи од социјална и детска заштита | 1-2 |
| 2. | Центар за социјална работа | раководители на служба за права на парична помош од социјална заштита и служба за социјални услуги | 2 |
| 3. | Даватели на услуги | установи за социјална заштита, згрижувачи, физички лица даватели на услуги | 1-2 |
| 4. | Здруженија | здруженија активни во дејноста социјална заштита | 1-2 |
| 5. | Верски заедници | верски заедници застапени во општината | 1-2 |
| 6. | Установи од областа на образованието | социјален работник/педагог/<br>психолог/дефектолог (од едно основно и од едно средно училиште) | 2 |
| 7. | Установи од областа на здравствената заштита | социјален работник/психолог/<br>психијатар/дефектолог (од болница, здравствен дом, центар за ментално здравје и др.) | 1 |
| 8. | Установи од областа на вработувањето | центар за вработување | 1 |
| 9. | Полиција | инспектор за превенција, јавен ред и мир/ инспектор за малолетничка деликвенција и сл. | 1 |
| 10. | Јавно обвинителство | | 1 |

ОССЗ во својот состав задолжително треба да има претставници како постојани членови од: општинска администрација, центар за социјална работа, центар за вработување, полиција и основно/средно училиште, доколку постои можност тоа да биде жител на општината. Исто така, во зависност од темата за која се дискутира на седницата на советот, може да се повикаат и претставници од други институции и организации.

За да се обезбеди еднаква застапеност во ОССЗ, претставниците од институции/организации од ист вид кои ги има во поголем број во општината, се менуваат по истекот на мандатот по принцип на ротација. Ова треба да се предвиди во деловникот за работа на ОССЗ.

## 2. МАНДАТ, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОССЗ

Во деловникот за работа на ОССЗ се регулираат прашањата поврзани со мандатот, правата и должностите на членовите на ОССЗ. Во таа насока следните решенија подетално се разработуваат во деловникот за работа.

### 2.1. Траење и престанок на мандатот на членовите

Мандатот на членовите на ОССЗ трае четири години.

На членот на ОССЗ му престанува мандатот пред истекот:

- ако поднесе оставка;

- во случај на смрт;

- ако го изгуби статусот на вработено лице во институцијата/организацијата што ја претставува;

- ако го изгуби статусот, односно основот по кој членува во ОССЗ;

- ако е осуден со правосилна пресуда за кривично дело на казна затвор во траење од над шест месеци;

- ако со правосилно решение биде лишен од деловна способност; и

- друго.

Во случај на престанок на мандатот на член на ОССЗ пред истекот, советот на општината, на предлог на градоначалникот, именува нов член по истиот основ.

Градоначалникот на општината му предлага на советот на општината престанок на мандатот за членот на ОССЗ кој неоправдано отсуствува од три седници на ОССЗ по ред.

## 2.2. Права и должности на членовите

Членовите на ОССЗ имаат право и должност да присуствуваат на седниците и да учествуваат во работата на ОССЗ и на неговите постојани или повремени подгрупи. Членовите имаат право на седницата на советот да даваат иницијативи и предлози.

Во одлуката за формирање на ОССЗ, се предвидува обврска за членот задолжително да присуствува на седниците, а во деловникот за работа се предвидува издавање потврда за присуство на седници, како основа за ослободување од работните обврски за времетраење на седниците.

## 2.3. Надоместоци на членовите

Со одлуката за формирање на ОССЗ, се предвидува членовите на ОССЗ за работата во ОССЗ да имаат право на годишен паричен надоместок во износ од најмногу една просечна исплатена месечна нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, кој го определува градоначалникот со решение. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од буџетот на општината.

## 2.4. Претседател на ОССЗ

Претседател на ОССЗ е член – претставник од општинската администрација.

Обврски на претседателот на ОССЗ се:

- ги свикува и раководи со седниците на ОССЗ;

- се грижи за организацијата и работата на ОССЗ;

- тековно го информира градоначалникот и советот на општината за работата, за заклучоците и за предлозите на ОССЗ.

## 3. НАЧИН НА РАБОТА НА ОССЗ

Во деловникот за работа на ОССЗ се регулираат прашањата поврзани со начинот на работа на ОССЗ. Во таа насока, следните решенија подетално се разработуваат во деловникот за работа.

### 3.1. Конституирање

Првата седница на ОССЗ ја свикува член – претставник од општинската администрација најдоцна во рок од 20 дена од денот на донесување на одлуката на советот на општината за негово основање.

### 3.2. Свикување седници

Седниците на ОССЗ се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш месечно. Седниците ги свикува претседателот на ОССЗ на своја иницијатива, на барање на градоначалникот, на барање на советот на општината или на барање од најмалку 1/4 од членовите на ОССЗ најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Доколку претседателот на ОССЗ не свика седница во определениот рок, членовите на советот сами се состануваат и избираат претседател за таа седница.

Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на ОССЗ, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се доставуваат до членовите на ОССЗ најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со деловникот.

### 3.3. Свикување вонредна седница

Вонредна седница на ОССЗ свикува претседателот, по сопствена иницијатива или на барање на најмалку 1/3 од членовите на ОССЗ, во случаи и на начин утврдени со деловникот.

Во известувањето за свикување на вонредната седница, се наведува времето, местото на одржување и дневниот ред на седницата. ОССЗ не може да го менува дневниот ред за вонредната седница.

### 3.4. Работа на седниците

ОССЗ може да работи ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на ОССЗ. ОССЗ одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, ако со деловникот поинаку не е определено.

За секоја седница на ОССЗ се води записник.

### 3.5. Подгрупи

За разгледување на прашања и утврдување предлози од одредена област, ОССЗ од својот состав може да формира постојани и повремени подгрупи.

Подгрупите се основаат заради поголема фокусираност и ефикасност во решавање одредени социјални проблеми што се препознаени како доминантни во општината (на пример, подгрупа за семејно насилство, подгрупа за болести на зависност и сл.) или како дел од проект/програма финансирани од други извори.

Составот и начинот на изборот на членовите на подгрупите се уредуваат со деловникот.

### 3.6. Јавност во работата

ОССЗ работи на седници. Седниците на ОССЗ се јавни. За исклучување на присуството на јавноста на седницата, се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со деловникот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на ОССЗ.

## 4. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОССЗ

Надлежности на ОССЗ се:

- ги следи, ги анализира и ги констатира состојбите во областа на социјалната заштита на локално ниво;

- креира локални политики за задоволување на социјално-заштитните потреби на населението;

- учествува во планирање мерки и активности за заштита од социјални ризици, како и превенција и надминување на социјалните проблеми што неповолно се одразуваат врз добросостојбата на жителите;

- врши мапирање на социјалните проблеми и идентификација на ранливите групи во општината;

- ги анализа капацитетите и расположливите социјални услуги на локално ниво,

- ги проценува специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината;

- изготвува социјален план за подрачјето на општината врз чија основа градоначалникот изготвува годишна програма за социјалната заштита која ја донесува советот на општината;

- донесува деловник за работа на ОССЗ;

- усвојува годишна програма за работа, која ја доставува до градоначалникот и до советот на општината;

- усвојува завршен годишен извештај, кој го доставува до градоначалникот и до советот на општината (види Слика 2 долу).

**Слика 2. Надлежности на ОССЗ**



### 4.1. Прашања во надлежност на ОССЗ

Темите што се дискутираат на ОССЗ се условени од специфичните општински состојби и контекст и од актуелните социјални потреби. Тематски области за кои може да се дискутира на седниците на ОССЗ се:

1) Социјални проблеми поврзани со социјалниот развој: сиромаштија, невработеност, социјална нерамноправност, социјална исклученост, миграции, конфликти, урбанизација, популациски промени, еколошки проблеми, проблеми на лица со попреченост и изнемоштени стари лица и сл.;

2) Социјални проблеми поврзани со девијантно однесување: криминалитет кај возрасни, малолетничко престапништво, алкохолизам, зависност од droги, проституција, коцкање, просење, трговија со луѓе, агресии (семејно насилство, меѓуврсничко насилство и сл.) и автоагресии (самоубиства и обиди за самоубиства).

3) Социјални проблеми што настануваат како последица на природни непогоди и епидемии: пожари, поплави, епидемии, земјотреси и сл.

Во зависност од темата за дискусија на седницата на ОССЗ, еден член од ОССЗ, кој според професионалниот ангажман има најмногу сознанија за тој проблем, претходно се номинира како известител. Известителот е должен да го елаборира проблемот на седницата и да сподели расположливи информации за него (обем, етиологија, специфичности, последици, времетраење, предлог решенија и сл.) со членовите на ОССЗ. Прашањата поврзани со работата на известителот подетално се регулираат со деловникот за работа на ОССЗ.

## 5. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА ЛОКАЛНО НИВО

Заради остварување на работите од надлежност, ОССЗ соработува со други институции/организации. На ниво на стратешко планирање активности во социјалната заштита, учеството на клучните локални актери и донесувањето акти е предвидено со закон. Во процесот на планирање јасно се разграничени улогите на сите учесници што се меѓузависни и се надоврзуваат.

Процесот на годишно стратешко планирање започнува со подготовка на социјалниот план од страна на ОССЗ (види слика 3).

**Слика 3. Чекори при изработка на социјален план**



Врз основа на социјалниот план, советот на општината на предлог на градоначалникот усвојува годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита, во која се предвидуваат активности и средства за нивна реализација. Членовите на ОССЗ се активно вклучени во изработката на годишната програма, која треба да е во согласност со Националната програма за развој на социјалната заштита, донесена од Владата на Република Северна Македонија за период од 10 години. На крајот од годината се усвојува завршен извештај за реализирани активности во социјалната заштита според предвидената годишна програма, кој се доставува до Министерството за труд и социјална политика (види Слика 4).

**Слика 4. Процес на годишно стратешко планирање**




## 6. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА РЕГИОНАЛНО НИВО

Воспоставениот процес на стратешко планирање на општинско ниво претставува основа за креирање регионални социјални политики. Во таа насока, следен чекор во градењето на системот на социјална заштита е основањето на Советот за социјална заштита на планскиот регион, кој се основа во секој плански регион, заради планирање и развој на мрежата на социјални услуги на регионот. Овој совет во својата работа примарно ги користи сознанијата, заклучоците и документите што произлегуваат од работата на ОССЗ.

Советот за социјална заштита на планскиот регион го сочинуваат градоначалникот и директорот на центарот за социјална работа од општината на подрачјето на планскиот регион, со мандат во траење од четири години.

Советот за социјална заштита на планскиот регион се конституира на иницијатива од општината со најголем број жители во регионот.

Членовите на Советот за социјална заштита на планскиот регион избираат претседател на Советот за социјална заштита на планскиот регион од редот на градоначалниците, кој има обврска за свикување на седниците на Советот врз основа на ротирање за период од една година.

Советот за социјална заштита на планскиот регион најмалку еднаш годишно до Министерството за труд и социјална политика доставува предлог за потребата од развивање социјални услуги во планскиот регион, видот и начинот на воспоставување на услугите. Овој предлог што е изработен врз основа на утврдените заеднички социјално-заштитни потреби на општините од еден регион, се зема предвид при подготовката на годишните јавни повици за финансирање социјални услуги од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Имено, Министерството обезбедува средства за развивање и давање социјални услуги од општините на годишно ниво, кои рамномерно се распоредуваат за социјалните услуги по плански регион во ист или во повисок износ од доделените средства за таа намена во претходната година по плански регион. При утврдување на видот на социјалната услуга за која се обезбедуваат средствата преку јавниот повик, се зема предвид предлогот доставен од Советот за социјална заштита на планскиот регион.

Во јавниот повик се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата што се доделуваат, потребните документи што се поднесуваат, роковите за спроведување на постапката по јавниот повик и временскиот период во кој ќе се даваат социјалните услуги, за секој плански регион.

При распределбата на средствата, се предвидува предност да имаат пријави што ќе се реализираат преку меѓуопштинска соработка, соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги, меѓуресорска соработка и обезбедено кофинансирање. Општината, односно општините од планскиот регион можат да доделат сопствени средства за обезбедување социјални услуги на лиценцирано здружение или на друг приватен давател на социјална услуга, преку објавување јавен повик.

## РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РЕГУЛАТИВА

1. Закон за социјална заштита („Сл. весник“ бр. 104/19, 146/19).
2. Закон за семејство („Сл. весник“ бр. 80/1992, 9/1996, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14, 104/15, 150/2015).
3. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Сл. весник“ бр. 138/14, 33/15, 150/15).
4. Закон за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19).
5. Закон за правда на децата („Сл. весник“ бр. 148/2013).
6. Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15).
7. Закон за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/10, 51/2011).
8. Законот за градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004, 158/2011).
9. Законот за установите („Сл. весник на РМ“ бр. 32/2005, 120/2005 и 51/2011).
10. Закон за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. бр. 5/2002).
11. Закон за меѓуопштинска соработка („Сл. весник на РМ“ бр. 79/2009).
12. Законот за здруженија и фондации („Сл. весник на РМ“ бр. 52/10, 135/11, 55/16).
13. Закон за рамномерен регионален развој („Сл. весник на РМ“ бр.63 /2007, 187 /2013, 43/2014, 215/ 2015).
14. Закон за вработување инвалидни лица („Сл. весник на РМ“ бр. 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/15, 147/15, 27/16).
15. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност („Сл. весник на РМ“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14, 113/14, 56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16, 119/2016).
16. Закон за превенција и заштита од дискриминација („Сл. весник на РМ“ бр. 50/2010, 127/10, 44/14, 150/15).
17. Закон за инвалидски организации („Сл. весник на РМ“ бр. 89/08, 59/12, 23/13).
18. Закон за основно образование („Сл. весник“ бр. 161/2019).
19. Закон за средно образование („Сл. весник“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18).
20. Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021, Влада на Република Македонија, 2011
21. Национална стратегија за деинституционализација за Република Македонија 2018–2027, Министерство за труд и социјална политика, 2018

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

U N
D P